# „Фитните ќе бидат изложувани на срцата – една по една – како што се редат прачките на сламен рогоз

Хузејфе, Аллах нека е задоволен со него, раскажува: „Бевме кај Омер, Аллах нека е задоволен со него, кога тој рече: ‚Кој од вас го слушнал Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, како зборува за фитните (искушенијата)?‘ Некои од присутните рекоа: ‚Ние го слушнавме.‘ Тогаш Омер рече: ‚Можеби мислите на фитната што му се случува на човекот во неговото семејство, соседство и слично?‘ Рекоа: ‚Да.‘ Тој рече: ‚Таквите фитни се бришат со намаз, пост и садака. Но, кој од вас го слушнал Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, како зборува за онаа голема фитна што ќе се рашири како морски бран?‘ Хузејфе рече: Сите молчеа, а јас реков: ‚Јас го слушнав.‘ Омер рече: ‚Аллах да те поживее, кажи!‘ Тогаш Хузејфе рече: ‚Го слушнав Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, како вели: „Фитните ќе бидат изложувани на срцата – една по една – како што се редат прачките на сламен рогоз. Срцето што ќе ги прифати, во него се втиснува црна точка; а срцето што ќе ги одбие, во него се втиснува бела точка – сè додека срцата не се поделат на две: – едното срце бело, сјајно како камен што го испрал дожд – и ниедна фитна не може да му наштети сè додека постојат небесата и земјата; – а другото црно, затемнето, превртено – како сад поставен наопаку: не препознава добро, ниту се одвраќа од зло, освен она што му го наметнал неговиот нефс (его).“ Хузејфе продолжува: ‚Му реков на Омер: Меѓу тебе и таа фитна има заклучена врата. Но наскоро ќе биде скршена.‘ Омер праша: ‚Скршена, мајка да не те родела?! Не можеше барем да се отвори? Тогаш ќе можеше и да се затвори!‘ Му реков: ‚Не. Таа ќе биде скршена.‘ Му објаснив дека таа врата е еден човек – кој ќе биде убиен или ќе умре. Тоа беше точно пренесено, а не претпоставка.“ Ебу Халид вели: „Му реков на Сад: ‚О, Ебу Малик, што значи црно затемнето?‘ Тој одговори: ‚Тоа е црна боја помешана со сјај на бело – сивкава, пепеласта боја.‘ Потоа го прашав: ‚А што значи како превртен сад?‘ Тој рече: ‚Тоа значи – поставен наопаку.‘“

[صحيح] [رواه مسلم]

Владетелот на верниците, Омер бин ел-Хатаб, Аллах нека е задоволен со него, седел со група асхаби, Аллах нека е задоволен со нив и им рекол: „Кој од вас го слушнал Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, како зборува за фитните (искушенијата)?“ Некои од нив одговориле: „Ние го слушнавме како зборува за нив.“ Тогаш Омер рече: „Можеби мислите на искушенијата што му се случуваат на човекот

во неговото најблиско опкружување – со сопругата и децата – поради преголема љубов, претерана грижа или поради тоа што го одвлекуваат од добрите дела. Или пак мислите на запоставување на обврските кон нив: воспитувањето, поучувањето и исполнувањето на нивните права. Исто така, можеби мислите на искушението со соседот и слично?“ Тие одговорија: „Да.“ Омер рече: „Таквите фитни бараат пресметка, а дел од нив се гревови кои се бришат со добрите дела како намазот, постот и садаката. Но, кој од вас го слушнал Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, како зборува за општите фитни, заради нивната големина и распространетост, што го вознемируваат народот како што брановите ја разбрануваат морската површина?“ Луѓето замолчеа, а Хузејфе бин Јеман, Аллах нека е задоволен со него и со неговиот татко, рече: „Јас го слушнав.“ Омер, Аллах нека е задоволен со него, се израдува и му рече: „Аллах да те награди – навистина си достоен син на својот татко – кажи!“ Тогаш Хузејфе рече: „Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рече: Фитните ќе му бидат изложени на срцето – една по една – како што се редат прачките на сламен рогоз, и ќе се лепат за неговите страни. Ако срцето ги прими – ќе се впијат во него како пијалак – и ќе се втисне во него една црна точка. А ако ги одбие – ќе се втисне бела точка. Со текот на времето, срцата ќе се поделат на два вида: – Бело срце, чисто и цврсто во иманот – срце што фитната не го допира, како мазен камен на кој ништо не се задржува – и тоа срце нема да биде повредено од ниедна фитна сѐ додека не го сретне Аллах. – Црно и искривено срце – затемнето и превртено/накосо поставено како сад што не задржува вода – таквото срце не препознава добро, ниту одбива зло, освен она што му го диктира неговата страст.“ Потоа Хузејфе му рече на Омер: „Меѓу тебе и тие фитни има една врата – и наскоро таа ќе биде скршена.“ Омер праша: „Скршена?! Зарем не може само да се отвори, па повторно да се затвори?“ Хузејфе одговори: „Не – таа ќе биде скршена.“ И му објасни дека таа врата е човек – кој ќе биде убиен или ќе умре. Потоа рече: „Тоа што ти го пренесов не е претпоставка, ниту земено од луѓето на Книгата, ниту е плод на лично мислење – туку е сигурна, вистинита вест што ја слушнав од Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем.“

https://sunnah.global/hadeeth/mk/show/66382

النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY

لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee